МЦМС>>
20 ГОДИНИ

2013

# Доверба во луѓето и во институциите

Александар Кржаловски

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Димче Митрески, извршен директор

**Автор**
Александар Кржаловски

**Подготовка**
Даниела Стојанова

**Лектура**
Даниел Медароски

ISBN 978-608-4681-13-7

Скопје, август 2013 г.

**Контакт**
**МЦМС**, адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).
**МЦМС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени, со назначување на изворот (види начин на референцирање на крајот од публикацијата). За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........ 3
ИНДЕКСИ ........ 4
ВОВЕД ........ 5
I. ОПШТА ДОВЕРБА ........ 7
II. ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ........ 8
II 1. Доверба во државниот сектор ........ 9
II 2. Доверба во меѓународната заедница ........ 12
III. ДОВЕРБА ВО ПРОФЕСИИ ........ 13
IV. ЗАКЛУЧОЦИ ........ 14
ПРИЛОЗИ ........ 15

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

АРМ: Армија на Република Македонија

ВМРО-ДПМНЕ: Внатрешно-македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство

ГО: Граѓански организации

ДПА: Демократска партија на Албанците

ДУИ: Демократска унија за интеграција

ЕУ: Европска Унија

МЦМС: Македонски центар за меѓународна соработка

НАТО: Организацијата на Северноатлантскиот договор

ОН: Обединети нации

СДСМ: Социјалдемократски сојуз на Македонија

# ИНДЕКСИ

| Општа доверба | 2013 | | 2012[1] | 2010 | 2008 | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Луѓе (може да им се верува на луѓето) | - | | - | 9,7 | 23,1 | - | - |
| Луѓе (општо во луѓето) | 56,0 | - | 50,9 | - | - | - | - |
| Соседи | 68,0 | - | 68,1 | - | - | - | - |
| Колеги | 51,6 | - | 45,4 | - | - | - | - |
| Сонародници (земјаци, сограѓани) | 47,3 | - | 38,6 | - | - | - | - |
| Непознати (туѓинци) | 18,3 | - | 17,3 | - | - | - | - |
| **Доверба во институциите** | | | | | | | |
| Држава | 47,5 | ↑↑ | - | 38,7 | 48,1 | 38,6 | 29,2 |
| Деловен (приватен бизнис) сектор | 47,7 | ↔ | - | 46,7 | 47,0 | 51,9 | 49,8 |
| Граѓански (невладин) сектор | 54,2 | ↑↑ | - | 48,1 | 41,7 | 45,3 | 48,1 |
| Политички партии | 27,9 | ↑ | 23,7 | 23,3 | 29,8 | 23,1 | 22,3 |
| Медиуми | 37,4 | ↔ | - | 40,4 | 53,6 | 52,6 | 56,7 |
| Меѓународна заедница | 43,5 | ↓↓ | - | 49,1 | 42,8 | 47,3 | 44,5 |
| Банки и финансиски институции[2] | 56,3 | - | - | 59,3 | - | - | - |
| Индекс на доверба во институциите | 43,0[3] | ↔ | | 41,0 | 43,9 | 43,1 | 41,7 |
| **Доверба во државниот сектор** | | | | | | | |
| Претседател на Република Македонија | 56,8 | ↑↑↑ | 49,1 | 37,5 | 35,6 | 35,1 | 33,1 |
| Собрание на Република Македонија | 41,9 | ↑↑ | - | 34,4 | 38,0 | 32,6 | 28,3 |
| Влада на Република Македонија | 42,5 | ↑↑ | 37,0 | 36,8 | 51,0 | 44,6 | 26,6 |
| Локална самоуправа | 50,4 | ↑↑ | - | 41,4 | 44,7 | 44,8 | 45,5 |
| Правосудство на Република Македонија[4] | 41,5 | ↑↑↑ | 30,6 | 30,4 | 21,2 | 21,1 | 23,8 |
| Армија на Република Македонија | 64,8 | ↔ | 56,6 | 62,9 | 64,6 | 64,4 | - |
| Полиција на Република Македонија | 65,3 | ↑↑↑ | 47,4 | 52,1 | 56,6 | 57,3 | - |
| Образовни институции | 74,3 | ↑↑↑ | - | 62,1 | 65,8 | 68,5 | 65,6 |
| Здравствени организации[5] | 68,9 | ↑↑↑ | - | 50,7 | 55,1 | - | - |
| Институции за социјална заштита | 54,6 | ↑↑↑ | - | 39,5 | - | - | - |
| Комунални претпријатија[6] | 55,7 | ↑↑↑ | - | 42,1 | 38,8 | - | - |
| Индекс на доверба во институциите на државниот сектор | 56,0 | ↑↑↑ | - | 44,5 | 47,1 | 46,1 | 37,2 |
| **Доверба во граѓанскиот сектор** | | | | | | | |
| Граѓански организации | 59,3 | ↑↑↑ | 49,0 | 42,5 | 41,2 | 45,4 | 50,3 |
| Цркви и верски заедници | 66,9 | ↑ | 63,8 | 62,9 | 65,6 | 65,6 | 68,4 |
| Синдикати | 35,9 | ↑↑↑ | - | 25,3 | 20,1 | 17,9 | 21,9 |
| Стопански комори | 36,8 | ↑↑ | - | 28,5 | 23,3 | 24,3 | 29,9 |
| Организации на работодавачи | 35,6 | ↑↑ | - | 27,2 | - | - | - |
| Индекс на доверба во организации од граѓанскиот сектор | 46,9 | ↑↑ | - | 37,3 | 37,6 | 38,3 | 42,6 |
| **Доверба во меѓународната заедница** | | | | | | | |
| Европска Унија | 55,8 | ↔ | 53,1 | 57,8 | - | - | - |
| Обединети нации | 58,8 | ↔ | 55,5 | 61,1 | - | - | - |
| НАТО | 56,3 | ↓ | 54,0 | 60,5 | - | - | - |
| Индекс на доверба во институциите на меѓународната заедница | 57,0 | ↔ | - | 59,8 | - | - | - |
| **Доверба во професиите** | | | | | | | |
| Државни службеници | 54,1 | ↑↑↑ | - | 34,8 | - | - | - |
| Судии | 43,1 | ↑↑↑ | - | 28,8 | 20,7 | 25,5 | - |
| Цариници | 36,5 | ↑↑ | - | 28,7 | 27,3 | 17,7 | - |
| Полицајци | 57,8 | ↑↑↑ | - | 43,5 | 51,3 | 50,2 | - |
| Наставници, професори | 74,3 | ↑↑ | - | 66,6 | 71,1 | 64,7 | - |
| Лекари | 72,2 | ↑↑ | - | 64,9 | 66,8 | 54,5 | - |
| Свештеници, верски лица | 64,3 | ↑↑↑ | - | 53,8 | 54,0 | 54,9 | - |
| Деловни, бизнис-консултанти | 45,7 | ↑ | - | 41,1 | 41,4 | 40,4 | - |
| Индекс на доверба во професиите | 56,0 | ↑↑↑ | - | 45,3 | 47,5 | 51,3 | - |

[1] Податоците се преземени од Балканскиот монитор: http://www.balkan-monitor.eu.
[2] Во 2010 е прашано само за доверба во банките, а претходните години не е поставено прашањето.
[3] Индексот не ги вклучува банките и финансиските институции.
[4] Во 2007 и во 2008 година е прашано за доверба во судството во Република Македонија.
[5] Во 2007 и во 2008 година е прашано за доверба во јавните здравствени институции.
[6] Во 2007 и 2008 година е прашано за доверба во јавните комунални претпријатија.

# ВОВЕД

Довербата е клучна компонента на социјалниот капитал. Во досегашните истражувања, а и во ова, МЦМС разгледуваше три аспекти: општата доверба во луѓето (што вклучува доверба во сличните на себе, како соседи, колеги, сонародници, но исто така и во непознати лица), довербата во институциите (формални институции на владеење во општеството) и довербата во граѓанското општество.

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Довербата во институциите и во граѓанското општество во Република Македонија", кои се однесуваат на општата довербата и довербата во институциите, а која беше спроведена по петти пат на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Македонија. Целта на истражувањето беше да се испита довербата на граѓаните во институциите и во граѓанското општество.

Извештајот „Довербата во граѓанското општество – 2013" е објавен претходно и може да се најде на http://www.mcms.mk/images/docs/2013/doverbata-vo-graganskoto-opstestvo-2013.pdf.

МЦМС му ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на М-проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

## Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со теренска анкета – интервјуа „лице в лице" во домаќинствата во јуни 2013 година на репрезентативен примерок од 810 испитаници.

### Прашалник

Прашањата се подготвени од работна група во МЦМС. За исполнување на целите на истражувањето, со прашалникот беа опфатени следните варијабли: Доверба – општо (социокултурни норми); Доверба во граѓанското општество; Доверба во граѓанските организации; Познавање и мислење за граѓански организации во Македонија; и Социодемографски карактеристики.

Во овој извештај се опфатени варијаблите кои се однесуваат на општата доверба и довербата во институциите. Прашалникот е даден во прилог 1.

### Примерок

Анкетата беше спроведена на репрезентативен примерок од 810 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Од 810 испитаници, 52,8 % беа жени, а 47,2 % мажи, во однос на етничката застапеност, Македонците беа застапени со 67,2 %, а Албанците со 26,4 %, другите етнички групи беа застапени со 6,4 %. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 39,8 %, додека градската со 60,2 %. Целосен преглед на примерокот е даден во прилог 2.

### Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со маргина на грешка од +/- 3,5 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки. Покрај бројките е прикажан трендот во однос на резултатите од 2010 година за афирмативните одговори (на пр. има доверба), за оние податоци кои се споредливи со истражувањето од 2010 година. Легендата на симболите е следна:

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или со незначителни промени | Без или со незначителни промени = 0–3 процентни поени<br>Мали промени = 3,01–5 процентни поени<br>Умерени промени = 5,01–10 процентни поени<br>Големи промени = над 10 процентни поени |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

За подобрување на употребната вредност на извештајот и можноста за анализа и споредба употребени се и индекси (показатели).

Незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

# I. ОПШТА ДОВЕРБА

За разлика од минатите години, во ова истражување е додадено почетно прашање за општата доверба (П1. Колку доверба имате општо во луѓето?), како и посебно за довербата во соседите, колегите, сонародниците и непознатите. Ова е направено заради корекција на неконзистентните одговори во минатите анкети (кога е прашувано дали може да им се верува на луѓето или да се биде внимателен), како и за споредба со други слични анкети.

Општата доверба во луѓето е мнозинска (56,0 %). Овој резултат може да се спореди со слично истражување на Галуп во 2012 година (Gallup, 2013), каде е констатирана општа доверба од 50,6 %.

**Графикон I. 1. Колку доверба имате општо во луѓето?**




За споредба со претходните анкети, поставено е прашање за доверба кон луѓето во смисла на нивното чесно постапување наспроти обиди за искористување на другите луѓе.

**Графикон I.2. Дали мислите дека повеќето луѓе би ве искористиле, доколку имаат можност за тоа, или дека ќе се обидат да бидат чесни/фер кон вас?**




На вака поставено прашање довербата е малцинска (42,1 %) и е на слично ниво како и во претходното истражување на МЦМС, спроведено во 2010 година (средна вредност од 4,1 на скала од 1 до 10).

**Графикон I. 3. Колку доверба имате во:**




Оваа година е прашувано и за доверба во одредени категории луѓе и очекувано, видлива е тенденцијата за поголема доверба кон поблиските (кон соседи, па потоа кон колеги, сонародници и најмала доверба во непознатите лица).

Исто така, во сите категории (освен соседите каде е иста) има зголемување на довербата во однос на 2012 година (Gallup, 2013), а најмногу кај сонародниците (од 38,6 %, на 47,3 %).

# II. ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

Со довербата во институциите е истражувана довербата според трисекторскиот пристап: држава, деловен (приватен) и граѓански сектор. Медиумите и политичките партии поради можноста да припаѓаат во повеќе сектори се издвоени посебно. Како специфичен дел од приватниот сектор, тука се издвоени и банките, а истражувана е и довербата во меѓународната заедница.

**Графикон II.1. Колку доверба имате во:**




За прв пат, еден од секторите (и тоа граѓанскиот) има мнозинска доверба (54,2 %), при што има и пораст од околу шест процентни поени.

Зголемена доверба бележат и државата (од 38,7, на 47,5 %) и политичките партии (од 23,3, на 27,9 %), а на слично ниво како во 2010 година се деловниот сектор (од 46,7, на 47,7 %) и со мал пад медиумите (од 40,3, на 37,4 %). Пад на довербата има кај меѓународната заедница (од 49,1, на 43,5 %).

Мал пад има и кај банките (од 59,3, на 56,3 %), но и со таа промена тие уживаат најголема доверба од сите наведени сектори и институции/ субјекти.

**Табела II.1. Доверба во државата кај етничките Македонци и кај етничките Албанци по години**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2013** | 53,3 % | 35,4 % | 47,5 % |
| **2010** | 48,2 % | 16,0 % | 38,7 % |
| **2008** | 51,8 % | 42,1 % | 48,1 % |
| **2006** | 26,5 % | 36,2 % | 29,2 % |

Порастот на довербата во државата повторно (како и за намалувањето во 2010 година) се должи на расположението на етничките Албанци. Имено, довербата кај етничките Македонци е релативно стабилна од 2008 година (околу 50 %), додека кај етничките Албанци имаше голем пад (од 42,1, на 16 %) во 2010 година, а сега е зголемена на 35,4 %.

**Табела II. 2. Етнички разлики во довербата кон политичките партии по години**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2013** | 29,1 % | 28,9 % | 27,9 % |
| **2010** | 25,4 % | 16,4 % | 23,3 % |
| **2008** | 26,2 % | 42,3 % | 29,8 % |

Слично како и за државата, овој пат има враќање на довербата кај етничките Албанци и во политичките партии, но тој раст е помал (од 16,4, на 28,9 %), на што се должи зголемената доверба во партиите, но таа е сè уште под нивото од 2008 година, а и натаму е на дното на листата, односно граѓаните искажуваат најмала доверба кон нив.

**Табела II. 3. Етнички разлики во довербата кон меѓународната заедница по години**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2013** | 40,7 % | 56,7 % | 43,5 % |
| **2010** | 43,1 % | 65,4 % | 49,1 % |
| **2008** | 32,9 % | 68,2 % | 42,8 % |

Етнички разлики има и во довербата кон меѓународната заедница (етничките Албанци имаат поголема доверба кон неа), но тие разлики се намалуваат (падот на довербата кај етничките Албанци е поголема отколку кај етничките Македонци – 8,7 процентни поени, наспроти 2,4).

## II. 1. Доверба во државниот сектор

Довербата кон државата е истражувана и преку довербата во основните институции кои ја сочинуваат, како Претседател, Собрание, Влада, правосудство, локална самоуправа и клучните услуги кои ги обезбедува таа, како одбраната (армијата), полицијата, образовните и здравствените институции и тие за социјална заштита, како и комуналните претпријатија.

**Графикон II.3. Доверба во државниот сектор**




Карактеристично за ова испитување на јавното мислење е умереното или големото зголемување на довербата во сите државни институции и служби (освен АРМ, каде довербата е на исто, релативно високо, стабилно ниво со 64,8 %, слично како и во претходните години).

Приматот од АРМ овој пат го преземаат образовните и здравствените институции, а и полицијата сега ужива нешто поголема доверба од АРМ.

### Доверба во претседателот на државата

Има голем раст на довербата во институцијата Претседател на државата, од речиси 20 процентни поени во однос на 2010 (кога истиот претседател како и сега - Ѓорѓе Иванов, беше на почеток на мандатот) и 2008 година (кога претседател беше Бранко Црвенковски).

**Табела II. 5. Доверба во претседателот по етничка и по партиска основа по години**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симпат. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2013** | 71,4 % | 28,2 % | 84,9 % | 50,6 % | 33,3 % | 3,1 % | 59,6 % | 56,8 % |
| **2010** | 48,9 % | 9,0 % | 74,7 % | 25,9 % | 9,1 % | 6,0 % | 32,3 % | 37,5 % |
| **2008** | 40,4 % | 18,7 % | 24,3 % | 72,9 % | - | - | 38,9 % | 35,6 % |

Пораст на довербата во Претседателот  во однос на 2010 година има и кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, но исто така и кај симпатизерите на сите клучни политички партии (освен ДПА). Порастот на 56,8 % е конзистентен и со ланското истражување на Галуп, каде довербата изнесувала 49,1 %.

### Доверба во Собранието

Забележан е умерен раст на довербата и во Собранието (од 34,4, на 41,9 %). Сепак, Собранието останува на дното на листата на доверба во државните институции, со поголема доверба само од правосудството.

### Доверба во Владата

Има раст на довербата во Владата во однос на 2010 година (од 36,8, на 42,5 %), но таа не е на нивото од 2008 кога довербата беше мнозинска (51 %).

**ТабелаII. 6. Доверба во Владата по етничка и по партиска основа по години**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симпат. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2013** | 48,7 % | 30,8 % | 75,0 % | 22,8 % | 39,1 % | 12,5 % | 40,8 % | 42,5 % |
| **2010** | 44,1 % | 18,5 % | 77,2 % | 17,3 % | 22,2 % | 14,0 % | 29,0 % | 36,8 % |
| **2008** | 56,2 % | 38,5 % | 74,9 % | 35,9 % | 35,4 % | 29,0 % | 46,0 % | 51,0 % |

Растот е поголем кај етничките Албанци (над 12 процентни поени), а интересно за одбележување е што иако за целиот период (од 2008 досега) се работи за влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ, има намалување на поддршката кај симпатизерите на таа партија, а раст на довербата во Владата има кај симпатизерите на СДСМ, иако тие разлики во однос на 2010 година се во рамките на (или блиску до) нивото на статистичката грешка.

**Табела II. 7. Доверба во Владата по работен статус по години**

| Година | Јавен сектор | Приватен сектор | Земјоделец | Студент | Домаќин. | Невраб. | Пензион. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2013** | 56,3 % | 37,7 % | 50,0 % | 35,0 % | 40,3 % | 41,2 % | 49,1 % | 42,5 % |
| **2010** | 42,8 % | 39,7 % | 36,8 % | 37,8 % | 19,0 % | 30,2 % | 42,8 % | 36,8 % |
| **2008** | 51,1 % | 51,3 % | 54 % | 50,3 % | 45,7 % | 50,3 % | 61,3 % | 51,0 % |

Во однос на работниот статус, за одбележување е растот на довербата во Владата кај вработените во јавниот сектор (државната администрација), земјоделците (над 13 процентни поени), домаќинките (21), невработените (11) и пензионерите (6,3), што би можело да се поврзе со дел од владините политики за субвенции или бесплатни услуги за овие категории граѓани.

## Доверба во државните услуги

Армијата и полицијата и натаму имаат доверба кај мнозинството граѓани.

**ТабелаII. 8. Доверба во полицијата по етничка основа по години**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2013** | 70,7 % | 55,4 % | 65,3 % |
| **2010** | 59,5 % | 31,5 % | 52,1 % |
| **2008** | 62,6 % | 42,0 % | 56,6 % |
| **2007** | 52,1 % | 45,6 % | 57,3 % |

По малиот пад во 2010 година, сега има голем пораст на довербата во полицијата (над 13 процентни поени), особено кај етничките Албанци (речиси 24 процентни поени).

## Доверба во локалната самоуправа

Слично како кај полицијата, по малиот пад во 2010 година, има умерен пораст на довербата во локалната самоуправа во 2013 година (од 41,4, на 50,4 %).

**ТабелаII. 9. Доверба во локалната самоуправа по етничка основа по години**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2013** | 52,2 % | 47,6 % | 50,4 % |
| **2010** | 44,4 % | 33,6 % | 41,4 % |
| **2008** | 41,7 % | 55,6 % | 44,7 % |

Растот на довербата во локалната самоуправа е умерен (околу 8 процентни поени) кај етничките Македонци, а голем (14) кај етничките Албанци.

**Табела II. 10. Доверба во локалната самоуправа во регионите по години**

| Година | Скопски | Југоисточ. | Источен | Североист. | Вардар. | Југозап. | Полог | Пелагон. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2013** | 50,6 % | 61,1 % | 40,7 % | 52,5 % | 57,6 % | 51,8 % | 47,0 % | 58,8 % | 50,4 % |
| **2010** | 41,7 % | 60,7 % | 46,8 % | 41,8 % | 29,9 % | 29,9 % | 36,8 % | 43,2 % | 41,4 % |
| **2008** | 41,0 % | 49,3 % | 24,4 % | 32,3 % | 43,4 % | 41,5 % | 64,6 % | 57,4 % | 44,4 % |

Довербата во локалната самоуправа има најголемо зголемување во вардарскиот и во југозападниот регион (над 20 процентни поени), потоа во скопскиот, во североисточниот, во полошкиот и во пелагонискиот (од 9 до 15), стабилна доверба во југоисточниот, а пад на довербата има само во источниот регион (околу 6).

**Табела II. 11. Доверба во комуналните претпријатија во регионите по години**

| Год. | Скопски | Југоисточ. | Источен | Североист. | Вардар. | Југозап. | Полог | Пелагон. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2013** | 62,7 % | 61,1 % | 53,1 % | 53,8 % | 63,3 % | 62,8 % | 55,9 % | 53,9 % | 55,7 % |
| **2010** | 42,5 % | 53,0 % | 50,0 % | 32,7 % | 48,3 % | 34,2 % | 35,9 % | 44,6 % | 42,1 % |
| **2008** | 46,0 % | 51,4 % | 30,8 % | 39,7 % | 38,7 % | 45,1 % | 34,3 % | 43,7 % | 38,8 % |

За истакнување е зголемената доверба во комуналните претпријатија (од 42,1, на 55,7 %), и тоа во сите региони (за 10 до 25 процентни поени, освен во источниот регион каде растот е мал – од 50, на 53,1 %).

## II. 2. Доверба во меѓународната заедница

Општата доверба во меѓународната заедница е намалена од 49,1 % во 2010 година, на 43,5 %.

Довербата кон меѓународната заедница е истражувана и преку довербата во три меѓународни организации и/ или сојузи: Обединетите нации (ОН), Европската Унија (ЕУ) и Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО).

**Графикон II. 4. Доверба во меѓународната заедница**




Од сите нив, има мал пад на довербата кон НАТО (од 60,5, на 56,3 %), додека кај другите е стабилна (промените се незначителни).

И покрај малиот пад, кај сите поединечно и натаму поддршката е мнозинска (од 55,8, до 58,8 %).

**Табела II. 12. Доверба во ОН, во ЕУ и во НАТО по етничка и по партиска основа во 2013 г.**

| Организација | Етн. Мак. | Етн. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симпат. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОН** | 54,5 % | 54,5 % | 58,3 % | 58,8 % | 83,6 % | 73,3 % | 61,1 % | 58,8 % |
| **ЕУ** | 48,6 % | 80,4 % | 59,6 % | 43,0 % | 85,3 % | 76,7 % | 56,5 % | 55,8 % |
| **НАТО** | 49,7 % | 80,9 % | 53,1 % | 51,9 % | 89,7 % | 80,0 % | 57,5 % | 56,3 % |

Довербата во ОН е идентична кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, додека во ЕУ и НАТО е драстично (речиси двојно) поголема кај етничките Албанци. Слична е довербата во ОН и во НАТО кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, а нешто поголема во ЕУ кај тие на ВМРО-ДПМНЕ. Кај партиите на етничките Албанци, поголема доверба (во просек околу 10 процентни поени) во сите три институции има кај симпатизерите на ДУИ, но и кај ДПА довербата е во значително мнозинство (над 73 %).

# III. ДОВЕРБА ВО ПРОФЕСИИ

Како и во 2010 година, испитувана е и довербата во определени професии. И тука има пораст на довербата во сите професии, а најмногу кај верските лица, полицајците, државните службеници и судиите. Довербата во професиите е главно конзистентна со довербата во соодветните институции, односно и тука на врвот на листа се професиите поврзани со образованието, здравството и безбедноста, како и верските задници (од граѓанскиот сектор), а на дното е правосудството.

**Графикон III. 1. Доверба во професии**




**Табела III. 2. Споредба на доверба во соодветни институции и професии 2013година**

| | Институција | Професија |
|---|---|---|
| Правосудство/ судии | 41,5 % | 43,1 % |
| Образование/ професори | 74,3 % | 74,3 % |
| Здравство/ лекари | 68,9 % | 72,2 % |
| Полиција/ полицајци | 65,3 % | 57,8 % |
| Верски заедници/ лица | 66,9 % | 64,3 % |

Во табелата лево е дадена споредбата на нивото на доверба меѓу институциите и соодветните професии. Разликите сега се многу помали отколку во 2010 и во 2008 година. Како и порано, довербата во полицијата е поголема отколку во полицајците, а поголеми промени има кај здравството (зголемена доверба во институции), како и кај верските лица (зголемена доверба во професијата).

# IV. ЗАКЛУЧОЦИ

### Општата доверба во луѓето е мнозинска

Граѓаните имаат мнозинска општа доверба (56,0 %), која е во пораст споредена со слично истражување на Галуп од 2012 година. Вообичаено, довербата е поголема кон поблиските луѓе (во соседи и колеги е над 50 %), наспроти непознатите (18,3 %).

Од друга страна, мнозинството граѓани сметаат дека повеќето други луѓе би се обиделе да ги искористат (55,3 %), наместо да постапат чесно (42,1 %).

### Раст на довербата во институциите

Довербата во институциите е стабилна – индексот на доверба изнесува 43, слично на нивото од 2008 и од 2007 година, по забележаниот пад во 2010 година (41). Има пораст на довербата во сите сектори (државниот, деловниот/ приватниот бизнис, граѓанскиот), а пад има кај медиумите и меѓународната заедница.

### Мнозинска доверба во граѓанскиот сектор

Довербата во граѓанскиот сектор е мнозинска (54,2 %), за прв пат откако МЦМС ја мери довербата (од 2006 година, ова е петто истражување).

### Умерен до значителен раст на довербата во државниот сектор

Довербата во државниот сектор е битно зголемена (индексот изнесува 56,0, наспроти 44,5 во 2010 година).

Значителен (над 10 процентни поени) е растот во образованието, здравството и полицијата, кои го презедоа приматот од Армијата, но и кај сите други државни институции (Претседател, Собрание, Влада, локална самоуправа, правосудство) има раст на довербата (од 7, до речиси 20 процентни поени, со исклучок на АРМ каде растот е 2 поени).

Порастот е кај сите етнички заедници, но разликата главно се должи на порастот на довербата во државата кај етничките Албанци (од 16 %, на 35,4 %), вклучително и во политичките партии.

### Претседателот со најголем напредок од 2010 година, пред Собранието и Владата

Се бележи голем раст на довербата во Претседателот (од 37,5 % во 2010 г., на 56,8 %), и тоа кај сите етнички групи и сите партии (освен ДПА).

Собранието има умерено зголемување на довербата (од 34,4 %, на 41,9 %).

Има раст и на довербата во Владата (од 36,8 %, на 42,5 %), но сѐ уште е под нивото од 2008 година кога изнесуваше 51 %.

### Намалена, но сѐ уште мнозинска доверба во ОН, во ЕУ и во НАТО

Довербата во меѓународната заедница е намалена (од 49,1, на 43,5 %), но клучните институции ОН, ЕУ и НАТО поединечно, иако и тие со намалување на довербата од 2, до 5 процентни поени, уживаат мнозинска доверба на граѓаните (од 55,8, до 58,8 %).

### Доверба во „даскали, лекари и попови/ оци“

И натаму, на листата на професии, предводници се наставниците/ професорите, лекарите, како и свештените/ верските лица. А исто така и натаму, најмала доверба граѓаните имаат во судиите (43,1 %) и во цариниците (36,5 %), иако и тие како и сите други професии бележат умерен до голем раст во однос на 2010 година (за 14,3 %, односно 7,8 процентни поени).

# ПРИЛОЗИ

## Прашалник

### Доверба – општо (социокултурни норми)

**П1. Колку доверба имате?**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општо во луѓето | | | | | | |
| Во соседите | | | | | | |
| Во колегите на работа | | | | | | |
| Во непознати (туѓинци) | | | | | | |
| Во земјаци (сограѓани) | | | | | | |

**П2. Ве молиме да процените користејќи скала од 1 до 10 дали мислите дека повеќето луѓе би ве искористиле, доколку имаат можност за тоа, или дека ќе се обидат да бидат чесни/ фер кон вас?**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Повеќето луѓе би се обиделе да ме искористат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Повеќето луѓе би се обиделе да постапат чесно |

**П3. Колку доверба имате во секој од следниве сектори?**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Државата | | | | | | |
| Приватниот (бизнис/ деловен) сектор | | | | | | |
| Граѓанското општество | | | | | | |
| Политичките партии | | | | | | |
| Медиумите | | | | | | |
| Меѓународната заедница | | | | | | |
| Банките и финансиските институции | | | | | | |

**П4. Наведете колку доверба имате во секоја од следниве институции на државата:**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Претседател на Република Македонија | | | | | | |
| Собрание на Република Македонија | | | | | | |
| Влада на Република Македонија | | | | | | |
| Локална самоуправа (општини) | | | | | | |
| Правосудство | | | | | | |
| Армија на Република Македонија (АРМ) | | | | | | |
| Полиција | | | | | | |
| Образовни институции | | | | | | |
| Здравствени институции | | | | | | |
| Институции за социјална заштита | | | | | | |
| Комунални претпријатија | | | | | | |

**П5. Наведете колку доверба имате во поединечните институции од меѓународната заедница?**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Европска Унија | | | | | | |
| Обединети нации | | | | | | |
| НАТО | | | | | | |

**П6. Колку доверба имате во секоја од следниве професии?**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Државни службеници | | | | | | |
| Судии | | | | | | |
| Цариници | | | | | | |
| Полицајци | | | | | | |
| Наставници, професори | | | | | | |
| Лекари | | | | | | |
| Свештеници, верски лица | | | | | | |
| Деловни, бизнис-консултанти | | | | | | |

# Примерок

Примерокот опфати 810 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 47,2 |
| Жена | 52,8 |
| **Возраст** | **%** |
| 18-29 години | 28,6 |
| 30-39 години | 20,2 |
| 40-49 години | 19,5 |
| 50-65 години | 22,0 |
| Над 65 години | 9,6 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонец/ка | 67,2 |
| Албанец/ка | 26,4 |
| Турчин/ка | 2,8 |
| Ром/ка | 1,4 |
| Србин/ка | 0,9 |
| Влав/инка | 0,5 |
| Бошњак/чка | 0,2 |
| Друго | 0,6 |
| **Припадност на религија** | **%** |
| Православна | 67,5 |
| Исламска | 31,2 |
| Католичка | 0,2 |
| Друга | 0,4 |
| Не припаѓам на ниедна религија/ атеист | 0,6 |
| **Религиозност** | **%** |
| Религиозна личност | 87,0 |
| Нерелигиозна личност | 9,5 |
| Атеист | 1,5 |
| Без одговор | 2,0 |
| **Работен статус** | **%** |
| Вработен во јавен сектор | 16,0 |
| Вработен во приватен сектор | 26,9 |
| Земјоделец | 3,1 |
| Студент | 10,0 |
| Домаќинка | 9,6 |
| Невработен | 19,4 |
| Пензионер | 14,3 |
| Без одговор | 0,6 |
| **Социјален статус (самоперцепција)** | **%** |
| Висока класа | 3,2 |
| Повисока средна класа | 29,4 |
| Пониска средна класа | 39,8 |
| Работничка класа | 17,2 |
| Пониска класа | 7,7 |
| Без одговор | 2,8 |
| **Образование** | **%** |
| Незавршено основно | 2,8 |
| Основно | 14,0 |
| Средно | 53,3 |
| Вишо/ високо | 29,9 |

| Место на живеење | % |
|---|---|
| Рурално (село) | 39,8 |
| Урбано (град) | 43,1 |
| Скопје | 17,2 |
| **Месечни приходи по член на домаќинство** | **%** |
| до 1.500 ден. | 4,6 |
| 1.501-3.000 ден. | 2,8 |
| 3.001-4.000 ден. | 3,7 |
| 4.001-5.000 ден. | 3,2 |
| 5.001-6.500 ден. | 4,2 |
| 6.501-8.000 ден. | 6,0 |
| 8.001-11.000 ден. | 11,9 |
| 11.001-15.000 ден. | 16,7 |
| 15.001-24.000 ден. | 17,3 |
| Над 24.000 ден. | 21,5 |
| Без одговор | 8,1 |
| **Политичка ориентација** | **%** |
| Лева | 7,7 |
| 2 | 0,9 |
| 3 | 2,0 |
| 4 | 2,2 |
| 5 | 10,4 |
| 6 | 4,0 |
| 7 | 2,1 |
| 8 | 2,3 |
| 9 | 1,6 |
| Десна | 13,0 |
| Не знам | 19,3 |
| Без одговор | 34,7 |
| **На која политичка партија сте симпатизер (спонтано)?** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 19,0 |
| СДСМ | 9,9 |
| ДУИ | 8,6 |
| ДПА | 4,0 |
| Други | 4,3 |
| Не сум симпатизер на ниту една | 52,0 |
| Без одговор | 2,2 |
| **Регион** | **%** |
| Скопски | 29,6 |
| Југоисточен | 9,1 |
| Источен | 10,0 |
| Североисточен | 8,0 |
| Вардарски | 7,4 |
| Југозападен | 10,9 |
| Полошки | 15,1 |
| Пелагониски | 9,9 |

## Профил на МЦМС

МЦМС веќе 20 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

МЦМС дејствува во секторите на социјална кохезија (вработување, образование, дијалог и културна различност), локален и рурален развој, граѓанско општество и добро владеење. Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.500 проекти со вкупен буџет од 49 милиони евра. Повеќе информации за МЦМС: www.mcms.mk.

## Продолжи со читање

**Листа на публикации на МЦМС:** http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/345-lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

**Листа на поврзани публикации**

**Довербата во граѓанското општество, 2013:** http://www.mcms.mk/images/docs/2013/doverbata-vo-graganskoto-opstestvo-2013.pdf

**Долг пат до поголем граѓански ангажман – Аналитички извештај, 2011**: http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1140-dolg-pat-do-pogolem-graganski-angazman-izvestaj.html

**Довербатаво Македонија, 2010**: http://www.mcms.mk/images/docs/2011/doverbata-vo-makedonija-2010.pdf

**Довербатаво граѓанското општество, 2008**: http://www.mcms.mk/images/docs/2008/doverbata-vo-gragjanskoto-opstestvo-2008.pdf

**Довербатаво граѓанското општество, 2007**: http://www.mcms.mk/images/docs/2007/doverbata-vo-gragjanskoto-opstetsvo-2007.pdf

**Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија, 2006**: http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/642-doverba-odgovornost-opstestveni-prasanja-dobrotvorstvo.html

## Како да се референцира

Кржаловски, А. (2013) **Довербата во луѓето и институциите** [интернет]. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС). Адреса: <www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1449-doverba-vo-lugjeto-i-vo-instituciite-2013.html> [Посетена на: датум и година].